# К У Ќ Е Н   Р Е Д

Ученикот како субјект на воспитно-образовниот процес треба да има јасна слика за својата положба и улога во училиштето и општеството, да ги знае своите права, должности и одговорности и да се прилагодува на нивните барања.

- Учениците се должни да доаѓаат во училиштето во пристојна облека и фризура со училишна работна облека и со потребен прибор за работа на часот.
- Учениците за време на наставата да не носат со себе вредни предмети (накит, поголема сума на пари) бидејќи за губењето на истите училиштето не сноси одговорност.
- Учениците своите наставници треба да ги чекаат во училниците на своите места, а не пред вратата или во ходниците.
- Ученикот не смее без одобрение да го напушти часот и да се задржува во санитарните простории и по ходниците.
- Најстрого се забранува носење на мобилен телефон за време на престојот во училиштето. Ако се пронајдат истите ќе бидат одземени и вратени на родителите/старателите по завршувањето на наставната година;
- Учениците се должни да се однесуваат институционално, пристојно и со почит кон сите вработени во училиштето.
- Во негување на угледот и достоинството на ликот на ученикот  и училиштето, ученикот е должен да се грижи и придонесува за градење и развивање на позитивни и коректни односи со своите соученици.
- Учениците се должни да го чуваат редот, дисциплината и хигиената во училницата, училиштето и надвор од него.
- Учениците треба да посветат повеќе внимание на изгледот и личната хигиена, хигиената на просториите, дворот и училиштето, особено заради опасности од инфекции и заразни болести.
- Се забранува фрлање отпадоци во работните простории, по ходниците и дворот на училиштето, истите треба да се фрлаат во корпи за отпадоци.
- Учениците треба да го чуваат училишниот инвентар и наставно-нагледните сретства, ходниците и училишниот двор.
- Родителот/старателот на ученикот ќе ја надомести секоја направена штета во училиштето а меѓудругото ќе се примени соодветна педагошка и дисциплинска мерка. Доколку сторителот не се открие, штетата ќе ја надоместат сите ученици во паралелката.
- На учениците им се забранува секаков вид на насилство: злоупотреба, занемарување, експлооатација, физичко/психичко насилство, емоционално, социјално, сексуално, врсничко (булинг), електронско/сајбер насилство, насилство мотивирано од омраза или предрасуди и др. Доколку се сведоци или жртви на спомеатите видови на насилство, должни се да го пријават случајот кај Тимот за заштита од насилство во училиштето;
- Учениците се должни да почитуваат и промовираат ненасилна комуникација.

**Наставнички совет**
**ООУ „Никола Карев“ Радовиш**